РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-2231/2
25.07.2012 год.
СКОПЈЕ

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
14.3.2012
15-08.2012
03 2876

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09 и 115/10 и 17/11 и 51/11), Одборот за акредитација и евалуација на 11. седница одржана на 30.05.2012 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## со кое се акредитира студиската програма за нови тригодишни студии од третиот циклус докторски студии по Безбедност на храна на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Се акредитира студиска програма од третиот циклус на студии по **Безбедност на храна** на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за третиот циклус студии по **Безбедност на храна,** во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на третиот циклус, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со научниот степен: **Доктор по науки по безбедност на храната,** научно-истражувачко подрачје: Биотехнички науки- 400, научно истражувачко поле: Ветеринарна медицина – 414, Научно-истражувачка област: Прехранбено инженерство, друго.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на трет циклус на студии на Факултетот за ветеринарна медицина и Одлуката за усвојување на студиските програми за Безбедност на храна од Сенатот на унивезитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.12-184/1 од 04.04.2012 година до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на студии од третиот циклус студии, студиска програма по Безбедност на храна.

Одборот за акредитација и евалуација на својата 10. седница одржана на 26.04.2012 година формира експертска комисија и на 11. седница одржана на 21.06.2012 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ